Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 декември 2022 година**

Скопје, декември 2022 година

З А П И С Н И К
од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 декември 2022 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политичките прашања на ресорите и министер за политички систем и односи помеѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*
*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на закон за дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони, по скратена постапка

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за економија да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија и д-р Јасмина Мајстороска, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**dr. Artan Grubi**